редакција
маркетинг
претплата
контакт
ВЕСТ
www.vest.com.mk
Читај и мисли слободно

22.08.2007

МАКЕДОНИЈА 2025 ГО ПОТТИКНУВА МАКЕДОНСКОТО ПРЕТПРИЕМАШТВО

# Мајк Зафировски подели по 1.000 евра за најуспешните бизнис планови

Бизнисмените со македонско потекло кои, преку независната и непартиска организација "Македонија 2025", сакаат да го помогнат економскиот развој на земјава, на работилниците во Охрид и во Скопје наградија пет најдобри бизнис планови со по 1.000 евра. Освен финансиската награда, бизнисмените ќе им делат совети на македонските фирми и ќе им овозможат контакти со стратегиските партнери од целиот свет.

Познатиот бизнисмен со македонско потекло Мајк Зафировски, кој е и советник на американскиот претстедател Џорџ Буш, по вчерашната средба со премиерот Никола Груевски во Владата рече дека е импресионира од македонскиот претприемачки дух.
"Делегацијата ги анализираше амбициите и предизвиците на македонските бизнисмени и процени дека тие не се поразлични од каде било во светот", рече Зафировски.
Според Зафировски, фирмите што се наградени се од производствениот сектор, високата технологија, прехранбената индустрија. (И.С.)